РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), и ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20) а согласно член 53 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија") бр.150/07, 100/11 и 42/20", Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, на ден 18.05.2021 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители, бр. 04-218/3 од 23.11.2016 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители, бр. 02-56/4 од 24.02.2021 година.

### Член 2

Во делот IV табеларен приказ на работни места, во Одделение за административни, правни и општи работи, работното место со реден број 5, со шифра УПР 0101 Г01 000, и звање Самостоен референт – технички секретар на претседател се брише.

### Член 3

Во делот IV табеларен приказ на работни места, во Одделение за административни, правни и општи работи по работното место со реден број 2 со шифра УПР 0101 Б04 000 Раководител на одделение се додава работно место со реден број 2А кое гласи:

| |
|---|
| 1. СТРУЧНА СЛУЖБА |
| 1.1. Одделение за административни, правни и општи работи |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 2А.УПР 01 01 В01 000 |
| Звање на работно место | Советник |
| Назив на работно место | Советник за правни работи |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Правни науки |
| Други посебни услови | 3 години работно искуство по Правосуден испит |
| Работни цели | Учествува во изработка на подзаконските акти и упатства на Советот на јавни обвинители и изготвува мислења за примена за јавнообвинителската легислатива. |
| Работни задачи | -континуирано ги следи законите и другите прописи во врска со уредувањето на прашања од областа во којашто работи,<br><br>-стручно обработува прашања за примената на законските одредби,<br><br>-учествува во подготовувањето на анализи за предмети и помага при подготвување предмети на членовите на Советот,<br><br>-учествува во изготвување на анализи, информации и други материјали за следење на практиката и помага по предмети по кои постапува Советот,<br><br>-учествува на советувања, семинари и други видови стручно усовршување, |

| | |
|---|---|
| | -извршува , нормативно, правни и стручно-аналитички работи според упатствата на раководителот на одделението. |
| Одговара пред | Раководител на одделение за административно правни и општи работи |

Член 4

Во делот IV табеларен приказ на работни места, Одделение за буџет и финансиски работи, работното место Советник за буџет и финансиско работење, со реден број 12. и шифра УПР 0101 В01 000 се менува и гласи:

| 1. СТРУЧНА СЛУЖБА | |
|---|---|
| 1.2.Одделение за буџет и финансиски работи | |
| Реден број и шифра | 12.УПР 0101 Г01 001 |
| Звање на работно место | Самостоен рефернт |
| Назив на работно место | Самостоен рефернт - Економ |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Вишо/средно стручно образование Градежно |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Навремена евиденција на набавените потрошни материјали |

| | |
|---|---|
| | |
| Работни задачи | -изработува приемници за набавените материјали,<br>-врши контрола на испорачаните материјали по количини и цени со нарачките,<br>-изработува лагер листа за состојбата на материјали на залиха , .<br>-врши евиденција на набавените материјали<br>-учествува во припрема на материјали за спроведување на постапка за набавка на материјали<br>-Врши набавка на материјали за потребите на Советот |
| Одговара пред | Раководителот на одделението за буџет и финансиски работи |

Член 5

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменување и дополнување и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот, и тоа:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделине за административно правни и општи работи | | | | | | | |
| 2А | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за правни работи | 1 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| Одделине за буџет и финансиски работи | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | УПР | 01 | 01 | Г01 | 001 | Самостоен референт - Економ | 1 |

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добеината согласност од Министеството за информатичко општество и администрација.

Бр. 02-97/2
Скопје, 18.05.2021 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Ацо Колевски**